Врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеи 1, 2 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14) и член 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија„ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14), согласно Заклучокот бр.02-4287/3 од 26.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 7-та седница одржана на 27.08.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се овластува в.д. Директорот на Агенцијата, во име на Агенцијата, да потпише Договор за обезбедување на телекомуникациска услуга за фиксна телефонија - национални повици кон сите фиксни мрежи во РМ, со "ОНЕ" - Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, согласно цените во понудата бр.02-4264/1 од 22.08.2014 година, која е избрана за најповолна во постапката за јавна набавка која е во тек во Агенцијата за услугата фиксна телефонија - Оглас бр.27/2014, со вредност не поголема од 35.400,00 денари со ДДВ (30.000,00 денари, без ДДВ и износот на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 5.400,00 денари), со важност од 1 (еден) месец.

2. Средствата од точка 1 на оваа Одлука се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.

3. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во тек е постапка за јавна набавка за услугата фиксна телефонија, Оглас бр.27/2014, меѓутоа постои можност таа набавка да не се спроведе/заврши до 31.08.2014 година, до кога е важноста на постојниот Договор за јавна набавка за телекомуникациска услуга – Услуга за фиксна телефонија, склучен со „МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ“ АД, Скопје, бр.03-4354/1 од 17.08.2014 година.

Во врска со наведеното, а за да се обезбеди непрекината и редовна телекомуникациска услуга – услуга за фиксна телефонија за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, потребно е да се овласти в.д. Директорот на Агенцијата, во име на Агенцијата да потпише Договор за обезбедување на телекомуникациска услуга за фиксна телефонија - национални повици кон сите фиксни мрежи во РМ, со "ОНЕ" - Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, согласно цените во понудата бр.02-4264/1 од 22.08.2014 година, која е избрана за најповолна во постапката за јавна набавка која е во тек во Агенцијата за услугата фиксна телефонија - Оглас бр.27/2014, со вредност не поголема од 35.400,00 денари со ДДВ (30.000,00 денари, без ДДВ и износот на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 5.400,00 денари), со важност од 1 (еден) месец.

Врз основа на напред наведеното, согласно член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеи 1, 2 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14) и член 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија„ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14), на предлог на в.д. Директорот на Агенцијата бр.03-4302/1 од 26.08.2014 година, а

согласно Заклучокот бр.02-4287/3 од 27.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 7- та седница одржана на 27.08.2014 година донесе одлука како диспозитивот. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 02-4316/1

27.08 2014 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- в.д. Директорот,
- раководителот на стручната служба,
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата – архива